РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 03-134/1
13-01-2025
СТРУМИЦА

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за субвенционирање на надоместокот за приклучување на дистрибутивниот гасоводен систем во 2024 и 2025 година**

Со овој Јавен Повик се субвенционира надоместокот за „Стандарден приклучок на дистрибутивниот гасоводен систем на ЈПЕД „Струмица - ГАС“ Струмица, во нето износ од 46.943,оо денари по домаќинство, а субвенционирањето ќе се врши по принципот „прв дојден прв услужен“.

**Потребни документи:**
Домаќинствата кои што ќе ги користат субвенциите се должни да достават:

- Доказ дека се целосно намирени трошоците за надоместок за приклучување на системот за дистрибуција на природен гас на ЈПЕД “Струмица-Гас“ Струмица, договор за приклучување склучен во 2024 или 2025 година или потврда издадена од страна на операторот на системот за дистрибуција на природен гас дека е извршено приклучувањето кај домаќинството.
- ДОКАЗ дека користи природен гас за греење, припрема на санитарна топла вода или готвење, договор за снабдување со природен гас со ЈПЕД“Струмица-Гас“ Струмица и/или платена фактура за природен гас со извод од деловна банка или уплатница, односно потврда издадена од снабдувачот со природен гас ЈПЕД“Струмица-Гас“ Струмица дека е корисник на природен гас, во 2024 или 2025 година.

**Рок и начин на доставување на пријавите**

Пријави можат да поднесат сите домаќинства кои се приклучени од 20.12.2024 година и Јавниот повик за субвенционирање на надоместокот за приклучување на дистрибутивниот гасоводен систем во 2024 и 2025 година ќе се однесува и за сите приклучоци во текот на 2025 година. Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку пошта или лично на адреса:

**Општина Струмица**
**Ул.„Сандо Масев“ Бр.1**
**2400,Струмица**
**или во архива на Општина Струмица**
**На пликот треба да стои ИМЕ И ПРЕЗИМЕ „НЕ ОТВАРАЈ“ со назнака за Јавен повик за субвенционирање на надоместокот за приклучување на дистрибутивниот гасоводен систем во 2024 и 2025 година.**

**Напомена**: Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**КОСТАДИН КОСТАДИНОВ**